**20240741570**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2024 година.

Бр. 08-2149/1
28 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/21) во членот 6 ставот (2) се менува и гласи:

„Друга цел на Народната банка, која е подредена на основната цел, е да придонесува кон постигнување и одржување на финансиската стабилност.’’.

Член 2

Во членот 7 точката 6) се менува и гласи:

„спроведува истражувања во области кои се значајни за постигнување на целите на Народната банка;“.

Точката 7) се менува и гласи:

„прибира, изготвува и објавува статистички податоци заради извршувањето на задачите согласно со закон;“.

Точката 8) се менува и гласи:

„воспоставува, развива, регулира и врши надзор над стабилноста, сигурноста и ефикасноста на платните системи во согласност со овој или друг закон;“.

Точката 9) се менува и гласи:

„регулира, издава и укинува дозволи, издава и повлекува согласности и врши супервизија на банки, штедилници и други финансиски институции во согласност со овој или друг закон;“.

По точката 9) се додава нова точка 9-а), која гласи:

„9-а) регулира, издава и укинува дозволи, издава и повлекува согласности на платежни институции, институции за електронски пари и оператори на платни системи и врши надзор на даватели на платежни услуги, издавачи на електронски пари и оператори на платни системи, во согласност со овој или друг закон;“.

Точката 10) се менува и гласи:

„врши надзор над примената на прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, системите за спречување на перење на пари и заштита на потрошувачите, во согласност со овој или друг закон;“.

По точката 10) се додаваат две нови точки 10-а) и 10-б), кои гласат:

„10-а) спроведува макропрудентна политика и презема макропрудентни мерки кон банките, штедилниците и другите финансиски институции на кои им издала дозвола и врши други активности заради одржување на финансиската стабилност, во согласност со овој или друг закон;

10-б) врши активности на решавање банки, во согласност со овој или друг закон;“.

Член 3

Членот 8 се менува и гласи:

„Стабилноста на банкарскиот систем, финансиската стабилност и мерките што се преземаат заради нивно постигнување и одржување се од јавен интерес.“.

Член 4

Во членот 11 во ставот (1) по зборот „гувернерот“ се додаваат зборовите: „или Извршниот одбор“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Против поединечните управни акти од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба, а може да се поведе управен спор, освен ако поинаку не е определено со овој или друг закон.“.

Член 5

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Народната банка формира општи, ревалоризациски и специјални резерви.

(2) Општата резерва се користи за покривање на загубите на Народната банка.

(3) Ревалоризациските резерви се формираат од нереализираните приходи од курсни и ценовни промени и се користат за покривање на нереализираните расходи од курсни и ценовни промени, при што вкупната вредност на ревалоризациските резерви не може да биде пониска од нула.

(4) Народната банка може, по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, да формира специјални резерви за покривање на трошоци за однапред предвидени намени. Износот на специјалните резерви го утврдува Советот на Народната банка.“.

Член 6

Насловот пред членот 14 и членот 14 се менуваат и гласат:

**„Финансиски резултат, добивка за распределба и загуба за покривање**

Член 14

(1) Финансискиот резултат на Народната банка се утврдува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

(2) Од финансискиот резултат од ставот (1) на овој член, нереализираните приходи од курсни и ценовни промени се пренесуваат во ревалоризациските резерви, а нереализираните расходи од курсни и ценовни промени се покриваат од ревалоризациските резерви и се додаваат реализираните приходи и расходи за коишто биле издвоени ревалоризациски резерви во претходните години. Резултатот утврден на овој начин доколку е позитивен претставува добивка за распределба, а доколку е негативен претставува загуба за покривање за финансиската година.“.

Член 7

Насловот пред членот 15 и членот 15 се менуваат и гласат:

**„Распределба на добивката и покривање на загубата**

Член 15

(1) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка ја распределува добивката од членот 14 став (2) од овој закон, на следниов начин:

1) 100% во општата резерва, ако збирот на капиталот и општата резерва е помал од 10% од монетарните обврски на Народната банка и

2) 30% во општата резерва и 70% во Буџетот на Република Северна Македонија, ако збирот на капиталот и општата резерва е еднаков или поголем од 10% од монетарните обврски на Народната банка.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на формирани специјални резерви, до достигнувањето на износот утврден согласно со членот 13 став (4) од овој закон, 70% од добивката се распределува во специјалните резерви, а остатокот се распределува согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Монетарните обврски од ставот (1) на овој член се вкупните обврски на Народната банка, без обврските кон Владата на Република Северна Македонија, другите органи на државната власт и Меѓународниот монетарен фонд.

(4) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка донесува одлука за покривање на загубата за финансиската година од членот 14 став (2) од овој закон, која се покрива од општата резерва.

(5) Ако загубата е поголема од нивото на општата резерва, износот над нивото се покрива од добивката во наредните години, при што истата најнапред се користи за покривање на загубите од претходните години до нивното целосно покривање, а потоа се распределува согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.“.

Член 8

Членот 16 се менува и гласи:

„(1) Ако вкупниот капитал на Народната банка намален за акумулираната непокриена загуба од тековната и претходните години е помал од капиталот од членот 12 од овој закон, потребниот износ за достигнување на капиталот се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Вкупниот капитал на Народната банка од ставот (1) на овој член претставува збир од капиталот од членот 12 од овој закон и општата резерва и ревалоризациските резерви од членот 13 од овој закон.

(3) Советот на Народната банка, во период од 30 календарски дена од усвојувањето на ревидираните годишни финансиски извештаи на Народната банка, до Владата на Република Северна Македонија поднесува барање со образложение за износот од ставот (1) на овој член потребен за достигнување на капиталот од членот 12 од овој закон.

(4) Владата на Република Северна Македонија во период не подолг од 60 календарски дена од приемот на барањето од ставот (3) на овој член, го пренесува на Народната банка потребниот износ на средства од ставот (1) на овој член и тоа во пари или во преносливи должнички хартии од вредност со одреден рок на достасување кои се издадени по пазарни каматни стапки кои преовладуваат во Република Северна Македонија.“.

Член 9

Во член 17 во ставот (1) точката 1) се менува и гласи:

„банки, штедилници, платежни институции, институции за електронски пари, оператори на платни системи, оператори на системи за утврдување и/или порамнување согласно со законот со кој се уредуваат финансиските инструменти, брокерски куќи/инвестициски друштва, органи на државната власт и јавни претпријатија основани од државата и“.

Во точката 2) по зборовите: „странски централни банки,“ се додаваат зборовите: „странски оператори на платни системи,“.

Член 10

Во член 19 во ставот (1) точката 2) се менува и гласи:

„да врши кредитни работи со банки, филијали на странски банки и штедилници кои работат во Република Северна Македонија, преку давање на кредит врз основа на соодветно обезбедување.“.

Член 11

Насловот пред членот 22 и членот 22 се менуваат и гласат:

**„Ликвидносна поддршка во исклучителни околности**

Член 22

(1) Народната банка може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности за банка во Република Северна Македонија, за подобрување на ликвидноста на банката со цел одржување на стабилноста на финансискиот систем. Ликвидносната поддршка по правило се одобрува во денари, а по исклучок во странска валута.

(2) Народната банка може да одобри ликвидносна поддршка во исклучителни околности само ако:

1) според мислење на Народната банка, банката е солвентна и одржлива;

2) банката треба да ја подобри својата ликвидност и

3) банката обезбеди соодветно обезбедување.

(3) Ликвидносната поддршка во исклучителни околности е привремена и се одобрува на краткорочна основа, со каматна стапка поголема од највисоката каматна стапка на монетарните инструменти на Народната банка.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, само врз основа на гаранција обезбедена од Владата на Република Северна Македонија, Народната банка може да обезбеди ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банка што нема соодветно обезбедување или на банка чија солвентност не може да се потврди на време или во постапка на решавање на банка.

(5) Кога поднесува барање за ликвидносна поддршка во исклучителни околности, банката треба да достави и соодветен акциски план со наведување на мерките што ќе ги преземе банката.

(6) Извршниот одбор на Народната банка одлучува за одобрување на ликвидносна поддршка во исклучителни околности на банката.

(7) Советот на Народната банка ги пропишува условите и начинот на одобрување на ликвидносната поддршка во исклучителни околности, видовите инструменти за обезбедување и активностите на Народната банка за управување со ризиците од одобрената ликвидносна поддршка.

(8) Доколку Народната банка утврди дека банката не е во можност да го спроведе одобрениот акциски план како што е наведено во ставот (5) на овој член, Народната банка ќе преземе соодветни мерки во согласност со закон.“.

Член 12

Членот 24 се менува и гласи:

„(1) Народната банка управува со девизните резерви во согласност со најдобрите меѓународни практики и основната цел - постигнување и одржување на ценовната стабилност, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност.

(2) Народната банка може во своето портфолио на девизни резерви да ги држи сите или некои од следниве видови на средства:

1) злато кое го држи Народната банка или се држи за сметка на Народната банка, вклучително побарувања врз основа на злато;

2) книжни и ковани пари деноминирани во слободно конвертибилни странски валути кои ги држи или се држат за сметка на Народната банка;

3) побарувања и меѓубанкарски депозити платливи на барање или во краток рок деноминирани во слободно конвертибилна странска валута и кои се држат на сметките на Народната банка, кај странски централни банки, странски финансиски институции или меѓународни финансиски институции;

4) должнички хартии од вредност со кои може да се тргува на меѓународните финансиски пазари, деноминирани во слободно конвертибилни странски валути;

5) удели во инвестициски фондови коишто се регистрирани во странство;

6) специјални права на влечење кои се држат на сметка на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд и

7) резервната позиција на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд.

(3) Народната банка може во функција на управувањето со девизните резерви да врши трансакции, како и да креира побарувања и обврски врз основа на операции со финансиските инструменти од ставот (2) на овој член на меѓународните финансиски пазари.“.

Член 13

Во насловот на главата VI по зборот „СУПЕРВИЗИЈА“ се додаваат зборовите: „И НАДЗОР“.

Член 14

Поднасловот „1.Системи на плаќање“ се менува и гласи:

**„1. Платни системи“.**

Член 15

Насловот пред членот 31 и членот 31 се менуваат и гласат:

**„Платни системи**

Член 31

(1) Народната банка создава услови за стабилно, сигурно и ефикасно работење на платните системи во земјата преку нивно воспоставување, развивање, регулирање и надзор.

(2) Народната банка е овластена да воспоставува, управува, развива и учествува во платни системи и да дејствува како агент за порамнување на други платни системи и системи за утврдување и/или порамнување согласно со законот со кој се уредуваат финансиските инструменти.“.

Член 16

Насловот пред членот 32 и членот 32 се менуваат и гласат:

**„Регулирање и надзор над оператори на платни системи**

Член 32

Народната банка е одговорна за регулирање, издавање и укинување дозволи и согласности и надзор, вклучувајќи преземање мерки и поведување постапки за изрекување прекршочни санкции над операторите на платните системи, во согласност со овој или друг закон.“.

Член 17

Поднасловот „2.Супервизија“ се менува и гласи:

**„2.Супервизија и надзор“.**

Член 18

Насловот пред членот 34 и членот 34 се менуваат и гласат:

**„Супервизија**

Член 34

(1) Народната банка е одговорна за супервизија на банки, штедилници и други финансиски институции, вклучувајќи преземање мерки и поведување постапки за изрекување прекршочни санкции, во согласност со овој или друг закон.

(2) При извршувањето на задачите од ставот (1) на овој член, Народната банка може да соработува и да разменува податоци и информации со други домашни или странски супервизорски органи и тела, како и со надлежни органи за решавање банки од странство, под услови и на начин определени со закон.

(3) Народната банка може да дозволи вршење теренска супервизија на подружница на странска банка и филијала на странска банка во Република Северна Македонија од страна на супервизорските органи на матичната земја на странската банка. Примерок од извештајот за извршената супервизија се доставува до Народната банка во рок од два месеца по завршувањето на супервизорската контрола.

(4) За вршењето на супервизијата над банките и штедилниците, Народната банка од нив наплаќа годишен надоместок најдоцна до 30 јуни во тековната година. Советот на Народната банка со посебна одлука ја утврдува методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето на супервизија над банките и штедилниците, како и начинот на неговата наплата, при што се зема предвид големината на нивната актива и на активата пондерирана според ризици.“.

Член 19

По членот 34 се додава нов наслов и нов член 34-а, кои гласат:

**„Надзор**

Член 34-а

(1) Народната банка врши надзор над работењето на давателите на платежни услуги, издавачите на електронски пари и оператори на платни системи, вклучувајќи преземање мерки и поведување постапки за изрекување прекршочни санкции, во согласност со овој или друг закон.

(2) При извршувањето на задачите од ставот (1) на овој член, Народната банка може да соработува и да разменува податоци и информации со домашни и странски надлежни органи и тела, кои можат да се користат само за целите на надзорот и истите ќе се сметаат како доверливи за страната која ги прима.“.

Член 20

Членот 38 се менува и гласи:

„(1) Народната банка ја остварува нејзината цел да придонесува кон постигнување и одржување на финансиската стабилност преку задачите и активностите кои ги извршува согласно со овој или друг закон.

(2) За потребите од ставот (1) на овој член, како и при спроведувањето на макропрудентната политика, Народната банка:

1) учествува во работата на Комитетот за финансиска стабилност и во Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки и Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза;

2) изработува макропрудентна стратегија, како и нејзини изменувања и/или дополнувања и ја предлага до Комитетот за финансиска стабилност за усвојување;

3) ги идентификува ризиците коишто можат да ја нарушат финансиската стабилност, што вклучува следење на системските ризици во банкарскиот систем и во останатите сегменти на финансискиот систем, следење на поврзаноста меѓу одделните сегменти на финансискиот систем и доставување информации до Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки и

4) соработува и бара податоци и информации од финансиските институции, надлежните органи, органите на државната власт, јавните претпријатија, јавните установи и трговските друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик и други институции, друштва, фондови, агенции и здруженија.

(3) Податоците и информациите од ставот (2) точка 4) на овој член се доставуваат без надоместок.

(4) Врз основа на прибраните податоци и информации од ставот (2) точка 4) на овој член, Народната банка изготвува годишен извештај за финансиската стабилност кој го објавува во согласност со членот 62 став (4) од овој закон.“.

Член 21

По членот 38 се додава нов наслов и нов член 38-а, кои гласат:

**„Решавање банки**

Член 38-а

(1) Народната банка е надлежна за спроведување на подготвителни активности за решавање банка, започнување на постапката на решавање и примена на инструментите и овластувањата за решавање банка, во согласност со овој или друг закон.

(2) При извршување на активностите од ставот (1) на овој член, Народната банка може да соработува и да разменува податоци и информации со Министерството за финансии, Агенцијата за заштита на депозити и други надлежни домашни органи и институции, како и со надлежни органи за супервизија и решавање банки од странство или за решавање други финансиски институции во Република Северна Македонија или од други земји, под услови и на начин определени со закон.’’.

Член 22

Во членот 39 ставот (3) се менува и гласи:

„Содржината на податоците и информациите од ставот (1) на овој член, начинот и роковите за доставување, начинот на коригирање на неточните или нецелосните податоци, како и начинот и условите за користењето на овие податоци од страна на банките и штедилниците и за пристапот на физичките лица до личните податоци од ставот (1) на овој член ги пропишува Советот на Народната банка.“.

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Во Кредитниот регистар се врши обработка на личните податоци од ставот (4) на овој член за следниве категории субјекти: лица кон кои е воспоставена кредитна изложеност и жиранти.

(6) Категориите субјекти на кои се врши обработка на личните податоци од ставот (5) на овој член не можат да побараат ограничување на обработката на нивните лични податоци во Кредитниот регистар, со оглед на целите за кои се користат податоците од Кредитниот регистар, а кои се поврзани со стабилноста на банкарскиот систем што е јавен интерес определен во членот 8 од овој закон.“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (7) и (8).

Ставот (7) кој станува став (9) се менува и гласи:

„(9) Личните податоци содржани во Кредитниот регистар се чуваат 10 години од денот на затворањето на кредитната изложеност од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Личните податоци содржани во Кредитниот регистар се даваат на користење на лицата од членот 74 од овој закон само под услови и на начин предвидени со членот 74 од овој закон и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.“.

Член 23

Во членот 40 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „со исклучок на специфични информации кои се однесуваат на субјектите кои се предмет на супервизија.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) При обраќањето на гувернерот пред Собранието на Република Северна Македонија се почитуваат одредбите за доверливост утврдени во членот 74 од овој закон.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 24

Во членот 43 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, Народната банка ја известува Владата на Република Северна Македонија за настапување на вонредни околности во рамките на финансискиот систем, на начин на којшто ќе се обезбеди доверливост на податоците согласно со членот 74 од овој закон.“.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 25

Во членот 44 став (1) се менува и гласи:

„Народната банка не одобрува, директно или индиректно, кредити на Владата на Република Северна Македонија или кој било друг орган на државната власт, јавно претпријатие, јавни установи, трговски друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, органите на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје.“.

Член 26

Насловот пред членот 46 и членот 46 се менуваат и гласат:

**„Органи на Народната банка**

Член 46

(1) Органи на Народната банка се Советот на Народната банка и Извршниот одбор.

(2) Со Народната банка управува Советот на Народната банка.

(3) Извршниот одбор делува во рамки на надлежностите утврдени со овој или со друг закон.

(4) Советот на Народната банка се состои од девет члена од кои гувернерот и тројцата вицегувернери со статус на извршни членови и пет неизвршни членови.

(5) Неизвршните членови учествуваат во одлучувањето на Советот на Народната банка.

(6) Советот на Народната банка е задолжен за дефинирање и формулирање на политиките и надзор на нивното спроведување, како и надзор на работењето на Народната банка.

(7) Гувернерот на Народната банка претседава со Советот на Народната банка и со Извршниот одбор, кој има главна извршна функција во Народната банка, како и е задолжен за нејзиното секојдневно работење.

(8) Гувернерот пренесува дел од своите овластувања и задачи утврдени во членот 48 ставови (1), (2) и (3) од овој закон на тројцата вицегувернери на Народната банка.

(9) Гувернерот и тројцата вицегувернери го сочинуваат Извршниот одбор на Народната банка.“.

Член 27

Во членот 47 став (1) по точката 6) се додава нова точка 6-а), која гласи:

„6-а) ја спроведува макропрудентната политика преку утврдување на макропрудентните инструменти и начинот на нивната примена согласно со овој или друг закон;“.

По точката 9) се додава нова точка 9-а), која гласи:

„9-а) ги донесува одлуките за износот на специјалните резерви;“.

По точката 10) се додава нова точка 10-а), која гласи:

„10-а) ја донесува Одлуката за утврдување на методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето на супервизија над банките и штедилниците, како и начинот на неговата наплата;“.

Точката 11) се менува и гласи:

„ја утврдува организацијата на Народната банка, одлучува за систематизацијата на работните обврски на организациските единици, нивните активности и задачи, класификација на работни места и ги утврдува општите услови за вработување, вклучувајќи ги платите и надоместоците на плата, на предлог на гувернерот, согласно со закон и со колективниот договор;“.

По точката 11) се додава нова точка 11-а), која гласи:

„11-а) одлучува за отворање и локација на филијали, претставништва и други организациони делови;“.

Точката 12) се менува и гласи:

„и донесува одлуката за објавување интерен оглас за назначување главен внатрешен ревизор и одлуката за избор на главен внатрешен ревизор;“.

Точката 13) се менува и гласи:

„ги утврдува обврските за статистичко известување;“.

По точката 14) се додаваат две нови точки 14-а) и 14-б), кои гласат:

„14-а) го донесува годишниот план за инвестиции на Народната банка;

14-б) го донесува годишниот план за јавните набавки на Народната банка;“ .

По точката 20) се додава нова точка 20-а), која гласи:

„20-а) воспоставува Комитет за ревизија и го утврдува неговиот начин на работа;“.

Точката 21) се менува и гласи:

„формира едно или повеќе работни, советодавни и други тела во врска со прашања од негова надлежност и ги дефинира нивните задачи и активности;“.

Точката 25) се менува и гласи:

„донесува акти и врши други задачи утврдени со овој или друг закон.“.

Член 28

Во членот 48 ставот (1) се менува и гласи:

„Гувернерот ги има следниве овластувања и задачи:

1) ја претставува Народната банка;

2) одговорен е за извршување на одлуките на Советот на Народната банката и за контролата на управувањето и работењето на Народната банка и

3) врши други работи кои со овој закон не се утврдени во надлежност на Советот на Народната банка и Извршниот одбор.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Гувернерот може да формира едно или повеќе работни, советодавни и други тела во врска со прашања од негова надлежност и ги дефинира нивните задачи и активности.“.

Член 29

По членот 48 се додава нов наслов и нов член 48-а, кои гласат:

**„Овластувања и задачи на Извршниот одбор**

Член 48-а

(1) Извршниот одбор ги има следниве овластувања и задачи:

1) ги спроведува монетарната и политиката на девизен курс, како и другите политики во согласност со интерните правила и одлуки на Советот на Народната банка;

2) презема макропрудентни мерки заради спроведување на макропрудентната политика во согласност со овој или друг закон;

3) одлучува за издавање и укинување дозволи, издавање и повлекување согласности на банки, штедилници и други финансиски институции и за издавање и повлекување согласности на акционери со квалификувано учество во банка, во согласност со закон;

4) одлучува за започнување постапка на решавање банка и за примена на инструментите и овластувањата за решавање банка, во согласност со закон;

5) презема мерки кон банки, штедилници и други финансиски институции кои се предмет на супервизија од Народната банка во согласност со закон;

6) одлучува за издавање и укинување дозволи и за издавање и повлекување согласности на платежни институции, институции за електронски пари и оператори на платни системи во согласност со закон;

7) презема мерки кон платежни институции, институции за електронски пари и оператори на платни системи кои се предмет на надзор од Народната банка во согласност со закон и

8) врши други работи во согласност со овој или друг закон.

(2) Одлуките на Извршниот одбор со кои се преземаат макропрудентни мерки согласно со ставот (1) точка 2) на овој член, спрема сите банки и/или штедилници и/или други финансиски институции се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“

Член 30

Во членот 50 во ставот (3) зборовите: „5 или повеќе проценти од капиталот“ се заменуваат со зборот „капитал“.

Во ставот (4) зборовите: „5 повеќе проценти од капиталот“ се заменуваат со зборот „капитал“.

Член 31

Членот 51 се менува и гласи:

„(1) Мандатот на член на Советот на Народната банка престанува:

1) со истекот на мандатот;

2) во случај на смрт;

3) во случај на оставка;

4) во случај на губење на деловната способност и

5) во случај на разрешување.

(2) Во случаите од ставот (1) точки 2) и 4) на овој член, Советот на Народната банка ќе го извести Собранието на Република Северна Македонија веднаш по дознавање за настанувањето на ваквите случаи, додека за случаите од ставот (1) точка 1) на овој член ќе го извести најмалку три месеци пред истекот на мандатот.“.

Член 32

Членот 52 се менува и гласи:

„(1) Гувернерот, вицегувернерите и неизвршните членови на Советот на Народната банка можат да поднесат оставка од функцијата со претходно писмено известување до Собранието на Република Северна Македонија во рок не пократок од три месеци од денот на поднесувањето на известувањето за писмената оставка, за што претходно ќе го извести Советот на Народната банка.

(2) Известувањето до Советот на Народната банка од ставот (1) на овој член се доставува во рок не пократок од 30 дена пред доставувањето на писменото известување до Собранието на Република Северна Македонија, во писмена форма.“.

Член 33

Во членот 53 ставот (1) се менува и гласи:

„Член на Советот на Народната банка се разрешува од функцијата пред истекот на мандатот, доколку:

1) престане да исполнува некои од критериумите за именување на член на Советот на Народната банка утврдени во членот 50 од овој закон;

2) изврши злоупотреба или сериозен пропуст во вршењето на службената должност или

3) неоправдано отсуствувал од три седници на Советот на Народната банка последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година без одобрение од Советот на Народната банка.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако во рок од 30 дена од денот на добивањето на препораката од ставот (3) на овој член, Собранието на Република Северна Македонија не го разреши членот на Советот на Народната банка заради исполнување на условите од ставот (1) на овој член, Советот на Народната банка донесува одлука со која тој член на Советот на Народната банка не може да присуствува на седниците на Советот на Народната банка до донесување на конечната одлука за разрешување од страна на Собранието на Република Северна Македонија.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 34

Во членот 54 во ставот (3) зборовите: „точки 1, 2 и 4“ се бришат.

Член 35

Членот 55 се менува и гласи:

„(1) Испразнето место во Советот на Народната банка се пополнува не порано од три месеци пред истекот на мандатот на член на Советот и не подоцна од два месеца по истекот на мандатот на член на Советот.

(2) Мандатот на член на Советот кој е избран во периодот пред истекот на мандатот на постоечки член на Советот започнува по истекот на мандатот на постоечкиот член на Советот.

(3) Член на Советот на кој му истекол мандатот, до именување на нов член, ги има истите овластувања и ги извршува истите задачи утврдени со закон.“.

Член 36

Во членот 56 ставот (6) се менува и гласи:

„Со Деловникот за работа на Советот на Народната банка се утврдува начинот на кој се организираат седниците на Советот на Народната банка и начинот на гласање на членовите на Советот на Народната банка на седниците.“.

Член 37

Насловот пред членот 57 се менува и гласи:

„Записници од седниците на Советот на Народната банка“.

Член 38

Во членот 57 ставот (1) се менува и гласи:

„Записниците од седниците на Советот на Народната банка се доверливи информации согласно со членот 74 од овој закон.“.

Член 39

По членот 57 се додава нов поднаслов 3, два нови наслова и два нови члена 57-а и 57-б, кои гласат:

„3. Седници и записници на Извршниот одбор

**Седници на Извршниот одбор**

Член 57-а

(1) Извршниот одбор одржува седници по потреба, во зависност од активностите на Народната банка, но не помалку од 12 пати во текот на една календарска година.

(2) На седниците на Извршниот одбор, по покана може да присуствуваат и други лица кои не се членови на Извршниот одбор.

(3) За работа и одлучување на Извршниот одбор е потребен кворум од најмалку две третини од именуваните членови на Извршниот одбор, вклучувајќи го и гувернерот кој претседава или, во негово отсуство, вицегувернерот кој претседава во согласност со одлуката од членот 48 став (6) од овој закон.

(4) Секој член на Извршниот одбор има еден глас, а во случај на ист број гласови, гласот на претседавачот ќе биде одлучувачкиот глас.

(5) Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со просто мнозинство од присутните членови на Извршниот одбор.

(6) Со Деловникот за работа на Извршниот одбор се утврдува начинот на кој се организираат седниците на Извршниот одбор и начинот на гласање на членовите на Извршниот одбор на седниците.

**Записници од седниците на Извршниот одбор**

Член 57-б

(1) Записниците од седниците на Извршниот одбор се доверливи информации согласно со членот 74 од овој закон.

(2) Записниците од секоја седница на Извршниот одбор ги потпишува лицето кое претседава со седницата и секретарот на Извршниот одбор.

(3) Секретарот на Извршниот одбор го назначува гувернерот од редот на вработените во Народната банка.“.

Член 40

Во членот 58 во ставот (1) зборовите: „гувернерот и на вицегувернерите“ се заменуваат со зборовите: „гувернерот, вицегувернерите и вработените во Народната банка“.

Член 41

Членот 58-а се брише.

Член 42

Членот 63 се менува и гласи:

„(1) Народната банка воспоставува посебна организациска единица за внатрешна ревизија.

(2) Внатрешната ревизија за своето работење од функционален аспект, односно од аспект на надзор на ефикасноста и ефективноста на нејзиното работење е директно одговорна пред Советот на Народната банка, а од административен аспект, односно од аспект на нејзиното секојдневно оперативно работење е директно одговорна пред гувернерот на Народната банка.

(3) Внатрешната ревизија во своето работење ги применува меѓународните стандарди за професионална практика на внатрешната ревизија, коишто се прифатени како стандарди за работење на внатрешната ревизија во Република Северна Македонија.

(4) Во својот делокруг на работење, внатрешната ревизија ги оценува и придонесува за подобрување на процесите на управување со ризиците, на интерните контроли и на управувањето, преку примена на пристап заснован врз ризици.

(5) Советот на Народната банка донесува интерен акт со кој детално ги уредува активностите на внатрешната ревизија и начинот на известување во согласност со меѓународните стандарди наведени во ставот (3) на овој член.

(6) Внатрешната ревизија прави проверка на спроведување на активностите наведени во членот 61 ставови (2) и (4) од овој закон.

(7) Советот на Народната банка донесува годишна и среднорочна програма за работа на внатрешната ревизија.

(8) Ревизорските извештаи од спроведените ревизии се доставуваат до гувернерот на Народната банка, при што наодите и препораките содржани во истите се основа за преземање на соодветни мерки за утврдените неправилности и слабости.

(9) Внатрешната ревизија изработува извештаи за своето работење и за резултатите од работењето, најмалку двапати во годината и ги доставува до Комитетот за ревизија и Советот на Народната банка. Внатрешната ревизија изработува извештаи и по барање на гувернерот или друг член на Советот на Народната банка.

(10) Внатрешната ревизија соработува со надворешниот ревизор којшто врши ревизија на Народната банка.“.

Член 43

По членот 64 се додава нов наслов и нов член 64-а, кои гласат:

**„Комитет за ревизија**

Член 64-а

(1) Советот на Народната банка формира Комитет за ревизија како негово постојано работно тело.

(2) Комитетот за ревизија се состои од три члена коишто се избираат од редот на неизвршните членови на Советот на Народната банка. Најмалку еден од членовите на Комитетот за ревизија треба да има професионално или академско искуство од областа на сметководството и/или ревизијата од најмалку три години.

(3) Доколку ниту еден од неизвршните членови на Советот на Народната банка нема професионално или академско искуство од областа на сметководството и/или ревизијата од најмалку три години, може да се ангажира надворешен соработник со професионално или академско искуство од областа на сметководството и/или ревизијата од најмалку три години.

(4) Надворешниот соработник учествува во редовната работа на Комитетот за ревизија со стручни појаснувања и мислења за работи од областа на сметководството и ревизијата, коишто се во делокругот на работењето на Комисијата.

(5) Членовите на Комитетот за ревизија ги именува Советот на Народната банка.

(6) Мандатот на членовите на Комитетот за ревизија кои се неизвршни членови на Советот на Народната банка треба да е усогласен со нивното членство во Советот, додека надворешниот соработник се назначува за период од три години, со право на повторен избор.

(7) Комитетот за ревизија ги има следниве овластувања и задачи:

1) ги надгледува сметководствените политики и финансиското известување на Народната банка;

2) го следи процесот на избор и работата на независното друштво за ревизија и соработува со истото за ревизијата на финансиските извештаи на Народната банка, за сите клучни прашања што произлегуваат од ревизијата и какви било материјални слабости во интерните контроли на Народната банка идентификувани од друштвото за ревизија во врска со процесот за финансиското известување;

3) ја надгледува ефикасноста и ефективноста на работењето на внатрешната ревизија;

4) го надгледува функционирањето на системот на интерни контроли и рамката за управување со ризиците;

5) ја надгледува соодветноста на правната рамка за усогласеноста на работењето со прописите и ефективноста на процесот на следење на усогласеноста на ниво на Народната банка;

6) го информира Советот на Народната банка во случај на констатирани пропусти или неправилности во работењето на Народната банка или дава предлози за подобрување на работењето и

7) поднесува годишен извештај за своето работење до Советот на Народната банка.

(8) Советот на Народната банка подетално ги определува активностите на Комитетот за ревизија кои се во делокругот на неговото работење.“.

Член 44

Во членот 65 ставот (6) се менува и гласи:

„Друштвото за ревизија доставува извештај до Советот на Народната банка за клучни прашања кои произлегуваат од ревизијата поврзани со финансиското известување.“.

Член 45

Членот 67 се менува и гласи:

„(1) Без да ја загрози независноста на Народната банка и независно од активностите на друштвото за ревизија од членот 65 став (1) од овој закон, Државниот завод за ревизија врши ревизија на Народната банка во делот на инвестициите во нематеријални средства, недвижности и опрема и оперативните трошоци.

(2) Постапката за донесување на конечниот ревизорски извештај од страна на Државниот завод за ревизија се врши согласно со одредбите од Законот за државната ревизија.

(3) За извршената ревизија, Државниот завод за ревизија доставува конечен ревизорски извештај до Народната банка и до Собранието на Република Северна Македонија.“.

Член 46

Членот 74 се менува и гласи:

„(1) Народната банка ги класифицира и обележува документите, информациите и податоците кои не се јавни со следниве степени на тајност: „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, „НБ ДОВЕРЛИВО“ или „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, во согласност со прописите донесени од Советот на Народната банка. Под доверливи документи, информации и податоци во смисла на овој закон се сметаат и документите, информациите и податоците дефинирани како банкарска тајна согласно со Законот за банките и чие откривање на неовластено лице би наштетило на угледот и интересите на Народната банка, финансиските институции и другите правни лица кои се овластени од или чие работење е под надзор на Народната банка.

(2) Членовите на Советот на Народната банка и вработените во Народната банка се должни да ги чуваат во тајност сите доверливите документи, информации и податоци од ставот (1) на овој член, со кои биле запознаени за време на извршувањето на нивните должности и задачи.

(3) Лицето кое е или било член на Советот на Народната банка или лице кое е или било вработено во Народната банка не смее да дозволи пристап, односно да овозможи обелоденување, публикување, употреба за лична корист, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни на документите, информациите и податоците од ставот (1) на овој член за време на извршувањето на задачите и должностите и по престанокот на нивниот работен однос или мандатот во Народната банка, освен ако документите, информациите и податоците наведени во ставот (1) на овој член не станат јавни информации.

(4) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, член на Советот на Народната банка или вработен во Народната банка може да дозволи пристап, односно да овозможи обелоденување, откривање преку пренесување на документите, информациите и податоците од ставот (1) на овој член, доколку:

1) за тоа е добиена согласност од лицето на кое се однесува податокот или информацијата;

2) се дава во судска или друг вид постапка кога Народната банка е странка или засегната страна во постапката;

3) за тоа постои судски налог или барање од јавното обвинителството;

4) се даваат на друштвото за ревизија на Народната банка;

5) се даваат во случаи и на начин пропишани со законот со кој се уредува работењето на банките, законот со кој се уредува решавањето банки и законот со кој се уредува финансиската стабилност;

6) се даваат на регулаторни или супервизорски органи при вршење на нивните должности за кои се овластени и

7) тоа е потребно за извршување на задачите на Народната банка и активностите поврзани со вршење на нејзините задачи согласно со овој закон.

(5) За податоците кои ќе се обелоденат во согласност со ставот (4) на овој член потребно е да се применат мерки за заштита од неовластен пристап.

(6) За статистичките податоци кои Народната банка ги прибира, изготвува и објавува за извршување на задачите согласно со членот 7 став (1) точка 7) од овој закон се применуваат одредбите за статистичка доверливост и заштита на податоците од Законот за државната статистика.

(7) Надворешните лица кои на кој било начин официјално ги стекнале документите, информациите и податоците од ставот (1) на овој член, истите можат да ги користат само за целите за кои ги стекнале од Народната банка и не смеат да дозволуваат неовластен пристап, односно да овозможат обелоденување, публикување, употреба за лична корист, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни на трети страни.

(8) Советот на Народната банка донесува акт со кој се регулира начинот на класифицирање и обележување на документите, информациите и податоците наведени во ставот (1) на овој член, мерките за заштита од неовластен пристап од ставот (5) на овој член и управувањето со нив.“.

Член 47

Насловот пред членот 107 се менува и гласи:

**„Платни системи во рамки на Европска Унија“.**

Член 48

Во членот 107 во ставот (1) зборовите: „системот за порамнување на платните трансакции“ се заменуваат со зборовите: „платните системи“.

Член 49

Во членот 108 точката 3) се менува и гласи:

„донесување на подзаконските прописи со кои се пропишува начинот на работа на платните системи, доколку е овластен за нивно донесување со овој закон и со Статутот на ЕСЦБ и на ЕЦБ;“.

Член 50

Членот 123 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во Народната банка или друго физичко лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, без оглед на тоа како ги стекнале при извршување на неговите должности (член 74).

(2) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на гувернерот, вицегувернер и неизвршен член на Советот на Народната банка доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, без оглед на тоа како ги стекнале за време на извршување на неговите должности (член 74).

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или

на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, без оглед на тоа како ги стекнал при извршување на неговите должности (член 74).

(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец-поединец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).“.

Член 51

Членот 123-а се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во Народната банка или друго физичко лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ДОВЕРЛИВО“, без оглед на тоа како ги стекнал при извршување на неговите должности (член 74).

(2) Глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ДОВЕРЛИВО“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).

(3) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на гувернерот, вицегувернер и неизвршен член на Советот на Народната банка доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ДОВЕРЛИВО“, без оглед на тоа како ги стекнале за време на извршување на неговите должности (член 74).

(4) Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ДОВЕРЛИВО“, без оглед на тоа како ги стекнал при извршување на неговите должности (член 74).

(5) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец-поединец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ДОВЕРЛИВО“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).“.

Член 52

По членот 123-а се додаваат два нови члена 123-б и 123-в, кои гласат:

„Член 123-б

(1) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен во Народната банка или друго физичко лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, без оглед на тоа како ги стекнал при извршување на неговите должности (член 74).

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).

(3) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на гувернерот, вицегувернер и неизвршен член на Советот на Народната банка доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, без оглед на тоа како ги стекнале за време на извршување на неговите должности (член 74).

(4) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, без оглед на тоа како ги стекнал при извршување на неговите должности (член 74).

(5) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец-поединец доколку овозможи неовластен пристап, односно обелодени, публикува, употреби за лична корист, открие преку пренесување, објави или на друг начин направи достапни на трети страни документи, информации или податоци создадени од Народната банка со класификација „НБ ЗА ОГРАНИЧЕНА УПТРЕБА“, без оглед на тоа како ги стекнал во рамки на неговото работење (член 74).

Член 123-в

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 53

(1) Гувернерот и вицегувернерите именувани од Собранието на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, како извршни членови на Советот на Народната банка, остануваат на должност се до истекот на мандатот за кој биле именувани.

(2) Неизвршните членови на Советот на Народната банка именувани од Собранието на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат на должност се до истекот на мандатот за кој биле именувани.

Член 54

Извршниот одбор започнува со работа најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 55

Комитетот за ревизија ќе се формира од страна на Советот на Народната банка и ќе започне со работа најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 56

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 57

(1) Одредбите од Законот за банките ќе се усогласат со одредбите од членот 29 од овој закон со кој се додава нов член 48-а став (1) точки 3) и 5) во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на законот од ставот (1) на овој член ќе се применуваат одредбите од членот 2 точки 1, 24, 25 и 30 и членовите 3, 4, 5, 11, 13, 16, 17, 18, 20, 22, 36, 46, 47, 48, 50, 51, 56, 56-д, 57, 58, 59, 60, 64, 65, 65-е, 83, 86, 89, 94, 103, 105, 107, 108, 109, 115, 118, 123, 125, 126, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 142, 143, 146, 147, 148, 150, 151, 152, 153, 154, 157, 158, 160, 169, 170, 172, 174, 175, 179, 186, 187, 187-а, 187-б, 187-в, 187-г, 188-а и 189-а од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2007, 90/2009, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 122/21).

Член 58

Одредбите од членот 2 од овој закон со кој во членот 7 се додава нова точка 10-б), членот 21 од овој закон со кој се додава нов член 38-а и членот 29 од овој закон со кој се додава нов член 48-а став (1) точка 4) ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за решавање банки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 209/23).

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.